Архитектонски факултет
Факултетско студентско собрание
Бр 18-22/11
28.2.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 33 и член 35 од Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Архитектонски факултет – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025, бр. 18-22/1 од 5.2.2025, Изборната комисија на ден 28.2.2025 година го поднесува следниот

# ЗАПИСНИК

од сумирањето и утврдувањето на резултатите од гласањето за избор на членови на Факултетското студентско собрание од четврта (IV) студиска година на Архитектонски факултет – Скопје

1. Гласањето за членови и претседател на Факултетското студентско собрание од четврта (IV) студиска година се одвиваше на 27.2.2025 година, од 10 до 14 часот, по електронски пат.
2. Вкупниот број на избирачи според избирачкиот список во четврта (IV) студиска година изнесува – **81+1**.
3. Вкупниот број на избирачи **кои гласале** за членови и претседател на Факултетското студентско собрание од четврта (IV) студиска година изнесува - **46**.
4. Вкупниот број на избирачи **кои не гласале** за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание од четврта (IV) студиска година изнесува - **36**.
5. Освоени гласови на кандидатите за избор на членови на Факултетското студентско собрание од четврта (IV) студиска година:

   - Јакимовска Марија, бр. индекс 8334 – 24 гласа;
   - Јовановиќ Мила, бр. индекс 8342 – 19 гласа;
   - Поповска Мила, бр. индекс 8407 – 32 гласа;
   - Тасеска Марија, бр. индекс 8361 – 34 гласа;
   - Тасески Матеја, бр. индекс 8360 – 28 гласа;
   - Тодоровска Ања, бр. индекс 8389 – 21 гласа.

Врз основа на член 35 од Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Архитектонски факултет – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025, бр. 18-22/1 од 5.2.2025:

Против првичните резултатите од ставот 1, секој кандидат може да поднесе образложен приговор во рок од 24 часа односно првиот нареден работен ден сметајќи од денот на нивното објавување (во конкретниот случај до понеделник, 3.3.2025 година, до 14.00 часот).

Приговорот се поднесува во пишана форма, преку архивата на факултетот до Изборната комисија. Изборната комисија одлучува по поднесените приговори во рок од 24 часа, односно на првиот нареден работен ден, од денот на нивното поднесување.

Приговорот треба да содржи име и презиме на подносителот, доказ и образложение на причините поради кои се поднесува.

Изборната комисија со решение ќе ги отфрли ненавремените приговори, приговорите поднесени од неовластено лице како и очигледно неоснованите приговори.

Ако приговорот е неоснован изборната комисија ќе донесе одлука со која приговорот се одбива.

Ако приговорот е основан, Изборната комисија ќе ги отстрани неправилностите.

Во случај да нема поднесени приговори, ако приговорите се отфрлени или одбиени, резултатите стануваат конечни и како такви се објавуваат на интернет страницата на Факултетот, по што изборниот процес се смета за завршен.

Врз основа на член 32 од Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Архитектонски факултет – Скопје

при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2024/2025, бр. 18-22/1 од 5.2.2025:

На изборите за претседател односно преставник на Факултетското студентско собрание за избран се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови.

Ако за едно или повеќе места за член односно членови или претседател, два или повеќе кандидати имаат ист број на гласови Изборната комисија го одредува претставникот односно претседателот по пат на ждрепка во присуство на кандидатите.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1. Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова
2. Доц. д-р Благоја Бајковски
3. Бојана Вуковојац, студент
4. Бојана Исијанин, студент
5. Јована Стојановиќ, студент